Проектот ***Поддршка за имплементација на Стратегијата за Ромите*** започна на 17 јануари 2011 и е со вкупно времетраење од 18 месеци – до 16 јули 2012.

## ОПШТАТА ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ:

Да го зајакне институционалниот капацитет на структурите кои се одговорни за имплементација на националната Стратегија за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015, со цел да придонесе кон подобрување на состојбата на Ромите.

## СПЕЦИФИЧНИТЕ ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ:

Овој проект има за цел да им помогне на координативните структури/институции да ги подобрат нивното знаење и работни методи преку:

- ❖ градење на капацитети и организациски развој на институциите корисничкi (на национално и локално ниво), вклучувајќи развој на човечки ресурси и зајакнување на системите за управување за да се осигура ефективна имплементација на Стратегијата за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите;
- ❖ Поддршка во креирањето, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на локалните акциони планови и приоритетните акции (вклучувајќи активности за мобилизирање на ресурси).

## КОРИСНИЦИ НА ПРОЕКТОТ:

- ❖ Министерство за труд и социјална политика – Одделение за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите (ОИСДР);
- ❖ Кабинет на Министерот без ресор како Национален координатор за Стратегијата и Декадата на Ромите;
- ❖ Национално координативно тело за имплементација на Стратегијата за Ромите;
- ❖ Персоналот од Ромските информативни центри (РИЦ) низ земјата;
- ❖ Државните службеници од одбрани општини (лица за контакт) вклучени во имплементацијата на локални акциони планови;
- ❖ локални ромски НВОи.



Проектните активности се поделени на две компоненти:

## КОМПОНЕНТА 1: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА КООРДИНАТИВНА СТРУКТУРА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА НА РОМИТЕ НА НАЦИОНАЛНО И ОПШТИНСКО НИВО

Оваа компонента опфаќа спроведување на сеопфатна програма за обука за подобрување на знаењето на персоналот на корисниците, подобрување на моменталниот статус и политики за имплементација на Стратегијата на Ромите и креирање и имплементирање на стратегија за комуникација за дисеминација на информации и за подигање на свеста.

### Конкретни активности на Компонента 1:

- ❖ Подготовка и спроведување на план за обука наменет за вработените во ОИСДР, за кабинетот на Министерот без ресор, и за Националното координативно тело;
- ❖ Обезбедување на поддршка за надградување на документите и процедурите на ОИСДР, на кабинетот на Министерот без ресор, и на Националното координативно тело;
- ❖ Помош за организирање на студиска посета на земја членка на ЕУ за вработените на ОИСДР и за кабинетот на Министерот без ресор;
- ❖ Обезбедување на поддршка на Министерот без ресор во креирањето на конкретни политики, унапредување на соработката со надлежните министерства, зајакнување на дијалогот со граѓанското општество и промовирање на приоритетите на Стратегијата за Ромите како дел од националните и секторските политики;
- ❖ Проценка на статусот на имплементацијата на Стратегијата за Ромите и акционите планови со фокус на оценување на моменталниот оперативен, координативен и механизмот за имплементација.



**Главни активности за подигање на свеста како дел од компонента 1:**

- ❖ Креирање на стратегија за комуникација.
- ❖ Издавање и дисеминација на веб страна на проектот, брошури, постери и соопштенија за печатот;
- ❖ Обезбедување на поддршка на Министерот без ресор и ОИСДР во креирање на активности за управување, поддршка за информирање и за планот за работа за подготовка и водење на претседателството со Декадата на Ромите.
- ❖ Обезбедување на техничка поддршка за организирање на национална конференција при преземањето на претседателството со Декадата на Ромите.

## КОМПОНЕНТА 2: ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА АКЦИОНИТЕ ПЛАНОВИ СО ФОКУС НА ЛОКАЛНИТЕ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ

Оваа компонента вклучува обука за подобрување на знаењето на персоналот во општинските администрации, РИЦи и НВОи на локално ниво, поддршка во подобрување на работните процеси преку подготвување на прирачници со стандардизирани процедури, подготвување на индикатори за успехот и опис на работните места за РИЦи. Исто така се планира и поддршка за ревизија или развој на локалните акциони планови (ЛАП) за имплементација на Стратегијата за Ромите на локално ниво.

### Конкретни активности на компонента 2:

- ❖ Развивање на човечките ресурси на локално ниво за ефективна имплементација на Стратегијата за Ромите преку: обезбедување на курсеви за обука за учесници од избрани општини и оценување на капацитетот на Ромските информативни центри.
- ❖ Поддршка за имплементација на локалните акциони планови за Ромите преку: оценување на состојбата на напредокот во изготвување и имплементација на локалните акциони планови, ревизија на постојните акциони планови или изработка на нови, и издавање и дисеминација на каталог со најдобрите идентификувани практики.



**BBI Consortium се состои од:**

- Bernard Brunhes International (Франција) – водечки партнер и членовите –
- LDK – Consultants Engineers and Planners S.A. (Грција),
- ECIP Foundation (Бугарија), и
- Roma Institute n.o. (Словачка).

**Тимот на проектот се состои од:**

- Директор на проектот
- Тим лидер
- Клучен експерт за компонента 2
- Група на краткорочни експерти
- Персонал за поддршка на проектот

**Контакт информации:**

Министерство за труд и социјална политика<br>
Ул. Даме Груев бр. 14<br>
1000 Скопје<br>
Тел.: 02/ 32 32 361<br>
E-mail: ODrumev@mtsp.gov.mk<br>
Веб страна: www.mtsp.gov.mk

**Повеќе информации за Европската Унија на:** www.europa.eu

European Year of Volunteering 2011





# ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СТРАТЕГИЈАТА НА РОМИТЕ

## Проектот е финансиран од Европската Унија

Овој проект е имплементиран со техничка помош од BBI Consortium:

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Bernard Brunhes International и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.